


Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во рамки на програмата Граѓански ресурсен центар, финансирана од Европската Унија, објавува отворен повик за учество на:

- **Обука за комуникации и видливост на граѓанските организации,** 26-27 февруари во Велес.

Обуката ќе им послужи на учесниците да развијат комуникациска стратегија за нивната организација и ќе ги запознае со методите и техниките за зголемување на видливоста. Покрај тоа, особено внимание ќе се посвети на креирањето богата и примамлива содржина за публиката; како и примена на онлајн алатките потребни за континуирано интернет присуство на организациите.

Обуката е на основно ниво и ќе биде најкорисна за лицата кои работат на комуникација и видливост во граѓанските организации, па истите ќе имаат предност при аплицирањето.

Пријава за обука за комуникации и видливост

Заинтересираните треба да ја пополнат соодветната пријава и да ја испратат на info@rcgo.mk најдоцна **до 20 февруари 2020 година до 16 часот.**

*Овие обуки се дел од Програмата за градење капацитети на граѓанските организации во рамки на Граѓанскиот ресурсен центар. Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка во партнерство со Асоцијацијата за демократски иницијативи од Гостивар и Медиа плус од Штип.*